# ИЛИНДЕН



ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА


Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ


ГОДИНА XI БРОЈ 51 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 МАЈ - ЈУНИ 2022 ГОДИНА


Во овој број


**Страница 2**

НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА ПО ПОВОД 150 ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА АПОСТОЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДЕЛО, ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

**Страница 4**

ВО ТИРАНА ДРЖАН ВТОРИОТ “ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ НА МАКЕДОНСКОТО МАЛЦИНСТВО ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА“

**Страница 5**

ИЗЛЕЗЕ ОД ПЕЧАТ ЈУБИЛЕЈНИОТ БРОЈ НА ВЕСНИКОТ “ИЛИНДЕН”

**Страница 6**

СЕДУМГОДИШНО ЧЛЕНСТВО НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ВО ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ (ФУЕН)

**Страница 7**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО БОРЧЕ ЈОВЧЕСКИ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ЗА НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АЛБАНИЈА ГО ПРЕДЛАГА ПРОФ.Д-Р КИМЕТ ФЕТАХУ

**Страница 8**

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ГО ЧЕСТИТАШЕ ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО ”ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСВАРИ СРЕДБА СО КРИСТО МАЗНИКУ, ПОНАРЕШЕН ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИТЕТОТ НА МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ЗА ТИРАНА И ПОНАРЕШЕН ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПОЛИТИЧКО ДРУШТВО “МИР” - ОГРАНОК ТИРАНА

ЗАПОЧНА СО РАБОТА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС КЛУБ ВО ТИРАНА

**Страница 9**

ОТВОРЕН МУЗЕЈОТ ПОСВЕРЕН НА СТЕЈО СПАСЕ ВО СЕЛОТО ГЛОБОЧАНИ, ОПШТИНА ПУСТЕЦ

МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ГО ПОЗДРАВИ ПОЧЕТОКОТ СО 24-РИ ЧАСОВНА РАБОТА НА ПРЕМИНОТ ШИШТЕВАЦ-КРУШЕВО И БАРА ТОА ДА СЕ СТОРИ И СО ПРЕМИНОТ ТРЕБИШТЕ-ЦЕПИШТЕ

**Страница 10**

МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА ГО ПРОСЛАВИЈА ПРАЗНИКОТ ЃУРЃОВДЕН

**Страница 11**

БИЛАТЕРАЛНА СРЕДБА НА АЛБАНСКИТЕ И МАКЕДОНСКИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ЗА ЗАШТИТА НА РЕГИОНОТ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО


## 150 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ



## НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА ПО ПОВОД 150 ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА АПОСТОЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДЕЛО, ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ




На 3 и 4. 05. 2022 година во организација на Институтот за национална историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се одржа научна конференција по повод 150 годишнината од раѓањето и 119 годишнината од смртта на апостолот на македонското национално ослободително дело, Гоце Делчев.
Имено, според предвиденото, на 3. 05. 2022 год. дел од учесниците на Конференцијата присуствувале на средба со претседателот на македонското Собрание, при што било ветено од страна на претседателот дека ќе се заложи да се обезбедат средства за објавување на зборник на трудови од Конференцијата и дека промоцијата ќе се одржи кон крајот на годинава во просториите на Собранието. Потоа, во Музејот на македонската борба се одржало свеченото отворање на Конференцијата од страна на проф. д-р Катерина Тодороска, претседател на Организацискиот одбор. Таа нагласила дека: „ Секој од нас, покрај предци има и потомци. И секој од нас го чува интимното кандило за спомен на предците и кандилото за здравје на потомците. Нека овој собир биде нашето заедничко кандило за спомен на нашите предци револуционери, визионери и мечтатели за слободна Македонија.

Воедно, нека овој наш собир биде кандило - патоказ на нашите потомци за на век да ја почитуваат и штитат привилегијата да се живее во своја самостојна држава, Македонија.
...Како на генерација, дадена нѝ е можноста да одбележиме исклучителна годишнина од раѓањето на големиот македонски син, револуционер и стратег на македонската борба за слобода. Тој македонски син бил и визионер, кој во времето кога македонската територија била под вековен гнет, ја гледал Македонија како самостојна држава.“
Потоа следело обраќањето на проф. д-р Никола Јанкуловски, Ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје кој истакнал: „Должни сме, но не само пред Делчев и историјата, туку и пред нацијата во чиј код се вградени неговите мисла, идеја и дело, и пред времето идно. Овој собир им го должиме и на потомците, имајќи предвид дека делото на Делчев е синонимно поврзано со нашата татковина, а таа не е во наша трајна сопственост. Таа веќе им припаѓа на поколенијата што доаѓаат по нас, а на кои е важно да им оставиме научен влог кој ќе биде нивна нова појдовна точка во истражувањето за „најкрупната фигура во македонското ослободително движење“ и „првиот меѓу првите“.
При отворањето своја реч имал и академик Љупчо Коцарев, Претседател на Македонската академија на науките и уметностите, кој истакнал: „Македонизмот подразбира две работи – автохтоност на македонскиот народ и на неговиот историски, јазичен, културен и религиски континуитет и дека македонскиот национален супстрат го претставуваат Македонците коишто живеат во државата Македонија, но и оние во соседните земји, вклучително и во Бугарија, и во Грција. Сегашниот однос на дел од политичарите, па дури и на историчарите спрема македонизмот предизвика вознемиреност затоа што таквиот однос ја исклучува иднината од минатото, ставајќи ја таквата иднина надвор од историската сензибилност... Македонија се наоѓа во противречна и конфузна положба денеска. За европска иднина со нас, треба да замислиме минато без нас“.
Следувала промоција на поштенска марка посветена на 150-годишнината од раѓањето на Гоце Делчев од страна на генералниот директор на Пошти на Македонија, г-дин Васко Стефанов кој во оваа пригода рекол: „Идејното решение на марката е изработено од Лоран Куфало, а целиот процес од идеја до реализација беше во координација со претставникот на Институтот за национална историја, проф. д-р Александар Литовски.

Објавувањето на оваа марка има исклучително значење за Пошта на Македонија, но и општо, за македонската држава, бидејќи со нејзиното користење во секојдневната преписка на нашите корисници, со нејзината важност ќе се предизвика интерес да се прочита повеќе, да се научи повеќе и да продолжи деценисканата традиција на негување на споменот на великот Гоце. Повелете, ова е нашата, а од денес и ваша марка со ликот на Гоце Делчев, која стои пред вас“.
Свечениот дел продолжил со краткото обраќање на г-ѓа Светлана Петрова, која проговорила за изложбата „Портрети на Гоце Делчев“ од сликарот Ангел Петров.
Покрај таа изложба, во фоајето на Музејот на македонската борба за самостојност била поставена и изложбата на Државниот архив под наслов „150 години од раѓањето на Гоце Делчев (1872-2022)“.
Потоа, 46-те учесници продолжиле со работа според предвидената програма.
За Македонците во Албанија, но и дијаспората, интересно ќе биде да ги видат имињата на учесниците и насловите на трудовите кои ќе бидат испечатени во Зборник. Затоа, ќе ги пренесеме според редоследот на програмата:
- Митко Б. Панов, Институт за национална историја, Скопје

„Средновековна Македонија во националната идеја на македонските интелектуалци (пред и по Илинденското востание)“.
-Виолета Ачкоска, Институт за историја, Филозофски факултет, УКИМ
„Гоце Делчев и улогата на личноста во историјата“
- Наташа Котлар, Институт за национална историја, Скопје
„Делчевиот концепт за морална и политичка револуција“
- Стефан Влахов-Мицов, Институт за национална историја, Скопје
„Гоце Делчев и концептот на македонското национално-ослободително движење во предилинденскиот период“
- Гоце Панговски, Washington State University „Гоце Делчев, симбол на Македонците во борбата за слобода и обединување на Македонија во ВСВ“
- Верица Јосимовска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
„Гоце Делчев - реалистичен визионер на македонското национално-ослободително движење
- Марина Цветаноска, Институт за македонска литература, Скопје
„Идејните аспекти на Гоце Делчев во борбата за македонско национално единство“
- Оливер Цацков, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
„ГоцеДелчев-учител и револуционер во Штип“
- Зоран Иванов, TOBB University for Economics and Technology
„Стратегиско влијание на герилските активности на Гоце Делчев врз Отоманската империја и Големите сили“
- Васил Ѓоргиев-Ликин, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, Струмица
„Гоце Делчев, свештеникот Симеон Горбачев и Македонците“
- Тодор Чепреганов, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
„Војводата Глигор Циклев за активноста на МРО и ВМРО автономистичка“
- Силвана Сидоровска-Чуповска, Институт за национална историја, Скопје
„Гоце Делчев и македонскиот револуционерен печат“
- Билјана Поповска и Иванка Василевска, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ
„Смртта на Делчев во дипломатската коренспонденција и во странскиот печат“.

На 4. 05. 2022 год. од членови на Одборот за одбележување на 150 годишнината од раѓањето на Гоце Делчев било положено цвеќе на гробот на најголемиот македонски син во црквата Св. Спас.
Веднаш потоа во амфитеатарот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ продолжила работата на Конференцијата. Таму настапиле:
- Вера Гошева, Институт за национална историја, Скопје
„Кукушката емиграција во Бугарија и споменот за Гоце Делчев во периодот меѓу двете светски војни“
- Ѓорги Чакарјаневски, Институт за национална историја, Скопје
„Гоце Делчев - Македонска легенда уште за животот“
- Драгица Поповска,Институт за национална историја, Скопје
„Општествено-политичкото профилирање на Гоце Делчев во НР Македонија“
- Лидија Ѓурковска и Габриела Топузовска, Институт за национална историја, Скопје
„Преносот на коските на Гоце Делчев од Софија во Скопје“
- Бранислав Светозаревиќ-Покорни, Архив на Македонија
„Гоце Делчев – детерминанти на разидувањата на историската наука и политиката“
- Билјана Ванковска, Институтот за безбедност,Филозофски Факултет, УКИМ
„Значењето на ликот и митот за Гоце Делчев за македонската национална самосвест“
- Зејни Мазлами: Интерпретациите на албанската историографија за македонското прашање во 1903 година
- Билјана Ристовска-Јосифовска, Институт за национална историја, Скопје
„Ликот на Гоце Делчев како национален и културолошки маркер“
- Лилјана Гушевска, Институт за национална историја, Скопје
„Писмата на Гоце Делчев и прашањето за писмениот јазик во Македонија во XIX век“
- Елка Јачева –Улчар, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје
„Ликот на Гоце Делчев и Македонците низ призмата на неговата преписка“
- Валентина Миронска-Христовска, Институт за македонска литература, Скопје
„Македонската национална икона Гоце Делчев во литературната меморија“
- Маја Ангеловска-Панова, Институт за национална историја, Скопје и
Ружица Цацановска, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје
„Делчев и Илинденската сага во публицистичко-историскиот опус на Павел Шатев и Ангел Динев“
- Лорета Георгиевска-Јаковлева и Билјана Рајчинова-Николова, Институт за македонска литература, Скопје
„Местата на меморија за историскиот лик Гоце Делчев“
- Мишел Павловски,Институт за македонска литература, Скопје
„Меморијата и културата: Гоце Делчев“
- Катерина Тодороска, Институт за национална историја
„Мажовски-Делчев-Конески“

- Димитар Пандев, Филолошки Факултет „Блаже Конески“, УКИМ
„Речта на Конески за Делчев“
- Весна Мојсова-Чепишевска и Иван Антоновски, Институт за македонска литература, Скопје
„Делчев во македонскиот код на драмскиот текст“
- Славчо Ковилоски, Институт за македонска литература, Скопје
„Гоце Делчев и македонското женско прашање“
- Ана Витанова-Рингачева и Иван Котев, Филолошки факултет, Универзитет ,,Гоце Делчев“, Штип
„Современи записи на народни песни за Гоце Делчев од Струмичко – Гевгелискиот регион“
- Ирина Бабамова, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје
„Гоце Делчев и францускиот јазик во сведоштвата на учителката Катарина Џидрова“
- Нада Јурукова, Институт за национална историја, Скопје
„Просветителската мисија и револуционерната мисла на Гоце Делчев“
- Игор Јуруков, Биро за развој на образованието
„Ликот и делото на Гоце Делчев во македонското образование од основањето на македонската држава до современието“
- Невена Петковска и Роберт Босилковски, ООУ „Димо Хаџи Димов“ Скопје
„Гоце Делчев како историска фигура во македонскиот образовен систем“
- Борче Милошески, СУГС „Никола Карев“, Скопје
„Гоце Делчев во современата настава по историја во гимназиското образование“
- Игор Јанев, СУГС „Никола Карев“, Скопје
„Улогата на космополитизмот на Гоце Делчев во воспитно – образовниот процес реализиран во рамките на гимназиското образование“
- Мартин Додевски, ЛУ Градски Музеј, Крива Паланка
„Претставувањето на Гоце Делчев како историска фигура во македонскиот образовен систем во основното образование“
Официјално затворање на конференцијата и завршни согледувања беа изнесени од проф. д-р Катерина Тодороска, која го изрази своето задоволство од сериозноста на презентираните реферати и замолила финалните верзии да бидат испратени до Одборот најдоцна до 30 септември 2022 год.
Но, чествувањето на 150 годишнината од раѓањето на Гоце Делчев продолжува и после Конференцијата со финализирање на конкурсот за литературни и ликовни творби за учениците од основните училишта, а се предвидува да заврши со промоција на Зборник од трудови од Конференцијата.

Никола Ѓурѓај

## ВО ТИРАНА ДРЖАН ВТОРИОТ “ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ НА МАКЕДОНСКОТО МАЛЦИНСТВО ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА“



Во организација на Македонското друштво “Илинден“-Тирана, а со поддршка на Министерството за култура на Република Албанија, во Амфитеатар Тирана (Голем парк на вештачко езеро во Тирана) на 17.04.2022 година се одржа вториот “Фолклорен фестивал на македонското малцинство во Република Албанија“. Многубројната публика со посебно внимание ги проследи настапите на Македонска фолклорна група од Голо Брдо (македонски традиционални ора од областа Голо Брдо), Македонска фолклорна група од Мала Преспа (македонски традиционални ора од областа Мала Преспа), Македонска фолклорна група од Гора (Нибет и македонски традиционални ора од областа Гора) и Театарот “Скрб и утеха” од Скопје, Македонија. Македонскиот фолклор бил создаван и траел со векови. Тој нѝ овозможува да разбереме кои сме ние. Познавањето на фолклорот значи познавање на сите духовни и материјални богатства на народот. Животот на еден народ е претставен преку традиционалните носии, обичаите, ритуалите, приказните. Но, несомнено најмоќните, најизразените и најприродните алатки кои човекот никогаш не ги напуштил, без оглед на времето, местото и возраста се народните песни и ора. Сценската изведба на народната музика создава нови културни перспективи. Токму со овој фестивал, се отвора можност за презентација на изворни и автентични содржини - рече Никола Ѓурѓај, претседател на Македонското друштво “Илинден“-Тирана. Тој посочи дека фестивалот не само што се одржа за вторпат, туку за вторпат една ваква манифестација е поддржана од страна на албанското Министерство за култура до кое упати голема благодарост за поддршката, со убедување дека поддршката ќе продолжи и фестивалот ќе стане традиционален. Покрај Македонци кои живеат во Тирана, како и од други делови на Албанија, на манифестацијата присуствуваа и проф. д-р Данчо Марковски, амбасадор на Република Македонија во Тирана, Република Албанија, Златко Ориѓански, директор на македонскиот Културно-информативен центар во Тирана, Република Албанија,

Никола Ѓурѓај, претседател на Македонско друштво “Илинден”-Тирана, Незир Меча, потпретседател на Македонско друштво “Илинден”-Тирана, Ули Халилај, потпретседател на Македонско друштво “Илинден”-Огранок Голо Брдо, Елса Целили, координатор на Македонското друштво “Илинден” за Округот Елбасан.



Македонска фолклорна група од Голо Брдо



Македонска фолклорна група од Мала Преспа



Македонска фолклорна група од Гора



Театарот “Скрб и утеха” од Скопје, Македонија

## ИЗЛЕЗЕ ОД ПЕЧАТ ЈУБИЛЕЈНИОТ БРОЈ НА ВЕСНИКОТ “ИЛИНДЕН”



ИЛИНДЕН

ЈУБИЛЕЈНО ИЗДАНИЕ БРОЈ

50

BOTIMI JUBILE NUMËR

Излезе од печат 50 број весникот “Илинден” кој е единствен печатен медиум на македонски јазик во Албанија. Чувствувам особено задоволство и гордост што ете дочекавме и 50-то издание. Се надевам дека ќе продолжиме и понатаму па да дочекаме и троцифрени бројки, зошто да не, изјави за весникот “Илинден” Никола Ѓурѓај, главен и одговорен уредник. Во овој јубилеен број, покрај другото во целост се пренесува интервјуто на Ѓурѓај, како претседател на истоименото Друштво, кое веќе десет години работи на заштита на етничкиот, јазичниот и културниот идентитет на Македонците во Албанија и за кампањата на друштвото и огранокот за Голо Брдо: „Горе главата- изјасни се дека си Македонец“, пред престојниот попис во Албанија што ќе се спроведе во октомври. Посебни прилози има за проф. д-р Вита Блаже Која ”Македонка од Голо Брдо – борец за правата на Македонците во Албанија”, за Кристо Темелко (Врбник, 1915 – Тирана, 1990) поборник за македонскиот јазик во Албанија, за веб-страницата со дигитални изданија на делата на Блаже Конески подготвена од Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ), како и други содржини. Инаку, на први март 2011 година како двоброј (март/април) беше испечатен првиот број од весникот како гласило на Македонското друштво “Илинден”-Тирана. Изминативе години, весникот предизвика голем интерес кај македонската читателска публика во Република Албанија, во

татковината Македонија, како и меѓу македонската дијаспора во светот. Весникот дава голем придонес во евидентирањето и надминувањето на голем број прашања од интерес на Македонците во Република Албанија, и континуирано работи на заштита и афирмација на македонскиот етнички, јазичен и културен идентитет и националните традиции на Македонците во Република Албанија, додава Ѓурѓај. Добјаснува дека освен испечатените 50 изданија, почнувајќи од март 2017 година весникот е достапен и во електронско издание www.vesnik-ilinden.com, а од септември истата година весникот е стандардизиран според меѓународните норми за печатени и електронски периодични списанија со ISSN 2522-6282 (online) и ISSN 2522-4514 (print) и е дел од двата најголеми читачи на вести и клиентска датотека во Македонија: grid.mk и daily.mk. Ѓурѓај порачува дека весникот продолжува со својата мисија за поттикнување и одржување во континуитет на македонскиот јазик и идентитет во Република Албанија.

## СЕДУМГОДИШНО ЧЛЕНСТВО НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ВО ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ (ФУЕН)

Македонското друштво “Илинден“-Тирана, на 16.05.2015 пред седум години, беше примено во семејството на претставниците на европските националности и стана рамноправен член на Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН). Особена заслуга за нашето членство во ФЕУН има Македонското меѓународно движење за човекови права од Канада со Претседател г-дин Бил Николов кое помага на Македонското друштво “Илинден“-Тирана да плати годишната чланарина и да е рамноправен член во ФУЕН, за што изразуваме благодарност. Имено, Македонско друштво “Илинден”-Тирана стана рамноправен член на Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН) во конгресот на ФУЕН што се одржа на 15.05.2015 година во Комотини, во Грција, во организија на Федерацијата на Западно – Тракиски Турци во Европа, Здружение на дипломирани студенти на Западна Тракија и Партијата за пријателство, еднаквост, мир. Од тогаш до денес, Македонско друштво “Илинден”-Тирана дава голем придонес во евидентирањето и надминувањето на голем број прашања од интерес на Македонците во Албанија. Континуирано работи на заштитата на етничкиот, јазичниот, културниот идентитет и националните традиции на Македонците во Албанија. Покрај тоа, Македонско друштво “Илинден”-Тирана редовно учествуваше во овие седум години на сите конгреси на ФЕУН. Така, бевме присутни и активно партиципиравме во работата на конгрсот во Клуж – Напоча, Романија на 20 мај 2017 година, како и на следниот Леуварден, Холандија, на 23 јуни 2018 година и на последниот конгрес одржан на 15 јуни 2019 година во Братислава, Словачка и за 2020 - 2021 година поради пандемијата со COVID-19, собранието беше организирано и реализирано на интернет. На сите конгреси Македонско друштво “Илинден”-Тирана поднесуваше резолуци чија содржина и намера беше подобрување на животот на Македонците во Република Албанија и сите беа освоени од страна на Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН). Истите се пратени до сите меѓународни институции кои се поврзани со малциствките проблеми, како и во државните инситуци на Република Албанија. Колку и дали овие резолуции придонесуваат за подобрување на положбата на Македонците во Република Албанија ќе биде следниот чекор кој ќе го преземеме на следниот конгрес на ФЕУН. Македонското друштво “Илинден“-Тирана во функција на рамноправен член во ФУЕН и како дел од работната група на словенските малцинства во Европа, активно го покренува прашањето за Македонците во Албанија на меѓународната сцена. Македонското друштво “Илинден“-Тирана во ова прилика упатува искрена благодарност до сите членки на Федералната
Унија на Европските Националности (ФУЕН) за соработката и разбирањето покажано за интересите на македонското малцинство во Албанија. Истовремено испраќаме искрени честитки до членовите, соработниците и симпатизерите на Македонското друштво “Илинден“-Тирана за седумгодишно членство во највисоката малцинска организација во Европа, со желба и натаму јасно и опстојно да работат на интересот и барањата на Македонците во Република Албанија. Да ни се множат јубилеите.

FEDERAL UNION OF EUROPEAN NATIONALITIES
FÖDERALISTISCHE UNION EUROPÄISCHER NATIONALITÄTEN
ФЕДЕРАЛИСТСКИЙ СОЮЗ ЕВРОПЕЙСКИХ НАЦИОНАЛЬНЫХ МЕНЬШИНСТВ
UNION FÉDÉRALISTE DES COMMUNAUTÉS ETHNIQUES EUROPÉENNES

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ПЕТ ГОДИНИ ЧЛЕН НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИИ (ФУЕН)

SHOQATA MAQEDONASE "ILINDEN"-TIRANË PESË VJET ANËTARE E UNIONIT FEDERATIV TË NACIONALITETEVE EVROPIANE (FUEN)

MACEDONIAN ASSOCIATION "ILINDEN"-TIRANA FIVE YEAR MEMBER OF THE FEDERAL UNION OF EUROPEAN NATIONS (FUEN)

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО БОРЧЕ ЈОВЧЕСКИ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП



Претседателот на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај денеска оствари средба со Борче Јовчески, градоначалникот на Општина Прилеп. На работната средба претседателот на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, го информираше Борче Јовчески за најновите настани поврзани со актуелната положба на Македонците во Република Албанија, при што беа актуелизирани прашања кои се однесуваат на проблемите на македонско национално малцинство во Република Албанија.
Низ дискусијата, Борче Јовчески покажа исклучителен интерес за положбата на Македонците во Република Албанија. Секако, како градоначалник на Општина Прилеп искажа подготвеност да помогне за подобрување и унапредување на малциските права на Македонците во Република Албанија. Претседателот на Македонско друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај на Борче Јовчески и подари Македонски весник “Илинден” топло и се заблагодарува за срдечна средба.

## МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ЗА НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АЛБАНИЈА ГО ПРЕДЛАГА ПРОФ.Д-Р КИМЕТ ФЕТАХУ



Според лидерот на партијата Васил Стерјовски, предлогот е доставен денеска до претседателката на албанскиот Парламент, Линдита Никола, како и до координаторите на пратеничките групи на Социјалистичката партија, Таулант Бала, на Демократската партија, Енкелејд Алибеај, на „Сојуз за промени“ Фатмир Медиу и до Месила Дода, координаторка на пратеничката група „За демократија и интеграција“. Изразувајќи ја највисоката почит кон Вас и институцијата, Собрание на Република Албанија, со ова писмо, партијата Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ), како единствена партија која ја претставува македонската заедница во Албанија, дава свој придонес во рамките на консултативниот процес за избор на шеф на државата со кандидатурата на проф.д-р Кимет Фетаху за функцијата Претседател на Република Албанија, стои во дописот. Проф.д-р Кимет Фетаху е роден 1955 година во селото Требиште, област Голо Брдо. Тој е доктор на науки, универзитетски професор и македонски општественик во Република Албанија. Има завршено универзитетски студии во Народна Република Кина и Албанија, во насоката рударство и збогатување на минерали. Во својата професионална кариера е предавач и раководител на секцијата за збогатување на минералите и долгогодишен член на Научниот совет на геолошко-рударскиот факултет каде што се уште е активен како професор, а се занимава и со широка општествена дејност, се наведува во образложението на предлогот. Се додава дека е активен во организирањето на Македонците во Република Албанија, особено по падот на диктаторскиот режим, во 1990 година. Во 1991 година тој ја формира организацијата на Македонците од Албанија „Братство“ која во 1993 година е преименувана во „Мир“, чиј претседател е сè уште. Исто така е директор на Центарот за етнички истражувања во Тирана. Проф.д-р Кимет Фетаху даде извонреден придонес во последните 30 години за зајакнување на статусот и правата на македонската заедница и другите етнички заедници во нашето мултикултурно, повеќејазично и мултирелигиско општество, за развојот на цивилното и граѓанското општество. Огромен е неговиот придонес во последните 30 години за зајакнување на статусот и правата на македонската заедница и другите етнички заедници во нашето мултикултурно, повеќејазично и мултирелигиско општество, за развојот на цивилното и граѓанското општество, се наведува во продолжение. Стерјовски посочува дека Фетаху како аполитичен кандидат и лојален државјанин на Република Албанија, ги исполнува сите критериуми предвидени во Уставот, како личност со потребното достоинство да биде Претседател на Републиката, да биде гарант на Уставот, на правата и слободите на граѓаните, на развојот на демократијата, на правдата за сите, за заштита на уставноста и законитоста, на еднаквоста на сите пред Уставот и законит. Врз основа на неговиот личен и професионален интегритет, независноста од политиката и посветеноста во развојот на еднаквоста и рамноправноста на сите пред Уставот и законите, ја бараме Вашата поддршка и поддршката од Вашите пратенички групи за кандидатурата на проф.д-р Кимет Фетаху за Претседател на Република Албанија. Изборот на проф.д-р Кимет Фетаху за претседател на Република Албанија од страна на Собранието на Република Албанија ќе и направи голема чест на нашата земја, дома и во светот, стои во предлог-дописот. Мандатот на актуелниот претседател Илир Мета завршувана 24 јули а новиот, парламентот треба да го избере до крајот на месецов. Лидерот на владејачките соцјалист и премиер Еди Рама, упати апел до сите политички субјекти и граѓанскиот сектор да достават предлози.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ГО ЧЕСТИТАШЕ ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК




По повод одбележувањето на 5 мај Денот на македонскиот јазик, македонското друштво “Илинден“-Тирана и огранокот за Голо Брдо, упати честитка до припадниците на македонското национално малцинство во Република Албанија, како и до сите Македонци ширум светот. Честитајќи ви го денешниот ден, сакаме да го истакнеме знаењето и негувањето на македонскиот јазик за децата од македонското национално малцинство во Република Албанија. Негувањето на мајчиниот македонски јазик значи јакнење и зачувување на националниот и културен идентитет, со што нашите деца ќе бидат воспитани соодветно да ги негуваат своите национални, културни и верски традиции, стои во честитката. Се нагласува и значењето на образованието на мајчин македонски јазик, бидејќи, како што стои, тоа е најважниот сегмент во негувањето на основните обележја на еден народ. Македонците во Албанија ги има во четири етнички области: Голо Брдо, Мала Преспа, Гора, Врбник, како и во најголемите градови – Тирана, Елбасан, Драч, Корча, Билишта, Подградец, Скадар, Кукс, Берат, Либражд, Валона, Фиер, Патос. Бројноста на Македонците во Албанија е над 120.000 според процена на македонските организации во земјата, но за жал во 21 век, ним статус на малцинство им е признаено само во Мала Преспа, каде имаат право на овразование на мајчин македонски јазик, наведува друштвото. Потсетува дека веќе три децении од сите албански влади барале образование на мајчин македонски јазик за децата од Голо Брдо, каде настава на македонски, имало до педесеттите години од минатиот век, потоа во Гора, како и во другите делови каде концентрацијата на Македонците е поголема, но нема позитивен одговор.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО ”ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСВАРИ СРЕДБА СО КРИСТО МАЗНИКУ, ПОНАРЕШЕН ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИТЕТОТ НА МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ЗА ТИРАНА И ПОНАРЕШЕН ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПОЛИТИЧКО ДРУШТВО “МИР” - ОГРАНОК ТИРАНА

На 23.04.2022 година оствconfigurationарив средба со Кристо Мазнику, понарешен претседател на Комитетот на Македонска алијанса за европска интеграција за Тирана и понарешен претседател на Политичко друштво “Мир” - Огранок Тирана и активист на Македонско национално малцество во Република Албанија со потекло од областа Голо Брдо.



## ЗАПОЧНА СО РАБОТА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС КЛУБ ВО ТИРАНА



Во организација на македонската Амбасада на 26.04.2022 година во присуство на над дваесет стопанственици од Северна Македонија кои делуваат на албанскиот пазар беше обновена работата на македонскиот Бизнис клуб во Тирана. На средбата учествуваа и претседателката на сојузот на стопанските комори Инес Мучостепа и претседателот на стопанската комора на Драч, Албан Истери. Состанокот беше организиран во Македонскиот културно информативен центар, со цел промовирање заедништво на македонската бизнис заедница, можност за создавање непосредни меѓусебни релации и контакти, размена на информации и идеи за поуспешен настап пред албанската бизнис фела, односно прашања и проблеми од заемен интерес, со цел натамошно проширување и продлабочување на економско – трговската соработка меѓу Македонија и Албанија.

Во своето обраќањеамбасадоротот Данчо Марковски се осврна на основните постулати според кои се водеше Амбасадата во реализацијата на оваа идеја за етаблирање на Бизнис клубот. Притоа, го истакна современиот пристап во работата на ова дипломатско претставништво кое во целост го става своите кадровски и работни потенцијали во служба на стопанствениците од Македонија. Потенцираше дека идните активности на Клубот ќе бидат насочени кон градење чувство на припадност кон една деловна заедницаспособна да го гради својот углед меѓу албанските структури, демонстрирајќи го притоа македонскиот дух на претприемништво, меѓународно експертско искуство, но и промоција на новиот имиџ на Република Македонија. Вклучувањето на Македонскиот културно информативен центар во овој

вид активности меѓу другото значи и наминување на одредени стереотипи со цел градење на економско – трговски и културни врски кои треба да резултираат зголемувањето на нивото на економската соработка. Претставниците на компаниите, како „Витаминка Прилеп“, „Алкалоид – Скопје“, „Цементарница Усје“, „Дуна компјутери“, „Еурофарм“, БЕ-ДА логистик и др., изразија задоволство од овој пристап на соработка и заштита на нивните интереси. Во продолжение на состанокот беа предложени конкретни чекори и начин на функционирање на Бизнис клубот. Следниот состанок на членовите Клубот, ќе биде организиран тематски по кластери со присуство на албански компании по B2B принципот.

## ОТВОРЕН МУЗЕЈОТ ПОСВЕРЕН НА СТЕЈО СПАСЕ ВО СЕЛОТО ГЛОБОЧАНИ, ОПШТИНА ПУСТЕЦ



Во селото Глобочани, општина Пустец на свечен начин беше ставен во употреба музејот на Стерјо Спасе, познат албански писател со македонско потекло, родум од ова малопреспанско село. На свеченоста, покрај други гости присуствуваше и македонскиот амбасадор во Тирана, Данчо Марковски, како и Илинден Спасе, син на Стерјо Спасе.
Музејот на Стерјо Спасе е дел од проектите Smart_CulTour, ко- финансирани од Европска Унија, во рамките на вториот повик од ИПА програмата за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Албанија, 2014-2020 година. Овој проект го поттикнува туризмот, го штити и промовира културното и природното наследство на целните региони со цел да се овозможи рамномерен и одржлив социо-економски развој во прекуграничниот регион Пелагонија и Корча. Глобочани е културна тангента меѓу Македонија и Албанија, објави македонската амбасада. Проектот беше спроведен од пет партнери од двете соседни земји и тоа општина Битола – водечки партнер, Македонија, општина Пустец, НУ „Завод и музеј“ – Битола, Управа за заштита на културното наследство – Корча, – партнер, Младински културен центар – Битола. Благодарение на поддршката од Европската Унија и преку проектот SMART CULTOUR, некогашното училиште, каде учел самиот тој, денеска музејот реалност. Поектот SMART CULTOUR е во целосна согласност со иницијативите на Европската Унија и е конкретен пример за плодна и успешна соработка. Првиот музеј во регионот на Преспа е веќе нова дестинација која додава дополнителна вредност на ово прекрасно подрачје, рече Пали Колефски градоначалник на општина Пустец. Стерјо Спасе, роден е во село Глобочени, Мала Преспа во 1914 а починал во Тирана, 1989 годна. Тој е познат писател со македонско потекло и е еден од основоположниците и најзначајните претставници на современата албанска литература. Познат е и како антологичар, преведувач, учебникар и собирач на македонски народни умотворби во Мала Преспа. Покрај во Албанија, се школувал на Универзитетот Флоренца во Италија, додека магистрирал во тогашниот СССР. Автор е на петнаесеттина романи и многу раскази. Негово најпознато книжевно дело е романот „Од живот за живот – зошто?“ кој е напишан во вид на дневник и се фокусира на една трагична дилема на млад интелектуалец на село. И неговиот син Илинден Спасе, универзитетски професор во пензија, пишува на албански и на македонски јазик. Автор е на повеќе збирки раскази. Член е на Друштвото на писателите на Република Македонија. Синот на Илинден, Аријан Спасе е дипломат од кариера. Албанскиот претседател Илир Мета, пред три години, постхумно го одликува со признанието „Витез на редот на знамето”. Тогаш Мета рече дека неговиот познат роман „Зошто” го најавил создавањето на современа литература во Албанија, додавајќи дека Стерјо Спасе е значајна личност не само во Албанија туку на Балканот и Европа.

## МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ГО ПОЗДРАВИ ПОЧЕТОКОТ СО 24-РИ ЧАСОВНА РАБОТА НА ПРЕМИНОТ ШИШТЕВАЦ-КРУШЕВО И БАРА ТОА ДА СЕ СТОРИ И СО ПРЕМИНОТ ТРЕБИШТЕ-ЏЕПИШТЕ

Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ) го поздрави стапувањето во сила на одлуката за 24-часовно функцонрање на заедничкиот граничен премин Шиштавец-Крушево, во областа на Гора, на албанско- косовската граница. Овој граничен премин до сега функционираше со ограничено време и служеше само за жителите од пограничниот регион а од денес ќе работи 24/7 и од премин од Ц преминува во граничен премин од Б категорија. Сметаме дека 24 часовната работа на овој граничен премин ќе ја

заживее областа на Гора и нема да служи само за македонската заедница од областа на Гора, туку низ него ќе може да поминуваат сите граѓани на Албанија и Косово, но и пошироко, стои во соопштението на партијата. Исто така партијата бара од албанската и македонската влада што побрзо да ја стават во сила одлуката донесена на заедничката седница на двете влади во Подградец, на 15 декември 2017 година за 24 часа работно време на граничниот премин Требиште-Џепиште, на албанско-македонската граница кај Дебар и да премине од граничен премин од Ц во граничен премин од Б категорија. Со 24 часовното функционирање на граничниот премин Требиште-Џепиште ќе му се помогне на македонското населението во областа на Голо Брдо на економски план, бидејќи ќе се зголеми економската соработка меѓу жителите од двете страни на границата, со што економски ќе зајакнува и ќе се развива оваа област во целина, се наведува во соопштението на МАЕИ. На свеченоста по повод отворањето на преминот со целодневена фрекфенција присуствуваа министерите за внатрешни работи на Албанија, Бледи Чучи и на Косово Џелал Свечка.

## МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА ГО ПРОСЛАВИЈА ПРАЗНИКОТ ЃУРЃОВДЕН

Овој празник освен Македонците со православна вероисповед од Мала Преспа, Врбник и Голо Брдо традиционално го прославија и Македонците со исламска вероисповед од Голо Брдо и Гора. За Ѓурѓовден во Мала Преспа, имаше организирани прослави во селата Шулин, Глобочени и Долна Горица. Во областа Гора прослава се организираше во село Шиштавец, каде се одржа и трка со коњи, додека во областа на Голо Брдо, Ѓурѓовден организирано се славеше во село Стеблево.



Прослава на Ѓурѓовден во село Стеблево, Голо Брдо



Во Шиштеец, областа Гора младите со народна носија за Ѓурѓовден

Според верувањето поткитe ги штитат куќите од разни опасности а нивите и родот од несреќа. Во некои места еден боз се става пред куќата пред влезната врата и утрото на Ѓурѓовден секој кога ќе стане и излегува надвор стапнува на бозот за здравје. Свети Великомаченик Георгиј Победоносец во народот познат како Свети Ѓорѓија живеел и пострадал за време на безбожниот римски цар и идолопоклоник Диоклецијан (284 – 305 година), во чие време се вршело прогонство и убивање на христијаните. Свети Георгиј, син на набожни родители и добар Христов војник завршил воена школа и бил на служба кај овој цар. Во својата 20-та година го добил чинот трибун, воен старешина и царски пратеник. Знаејќи дека заради верата во Христа набргу ќе настрада, по смртта на својата мајка го раздал имотот на сиромашните, а робовите ги ослободил. Тој не можел да ја поднесе неправдата. Храбро застанал пред царот, кнезовите и сенаторите и изјавил: "Слуга сум на Христа, мојот Бог… До кога ќе ги гоните и мачите тие невини луѓе и ќе ги принудувате на вашето безумно безбожје. Идолите ваши не се богови, не се! Христос е единствениот Бог!" Царот наредил Свети Георгиј да биде фрлен во затвор, изложен на најтешки мачења. Во жестоката борба меѓу доброто и злото – победа му подари, издржа натчовечки мачења и стана Победоносец, за да сведочи пред светот дека љубовта, побожноста и верата се посилни од се'! Пострадал на 23 април / по нов стил на 6 мај 303 година, кога во негова чест се слави празникот Ѓурѓовден. На иконата Свети Ѓорѓија е претставен како војвода на коњ како со копје убива ламја, под копитата на коњот. И според легендата Свети Ѓорѓија ја убил ламјата што на народот му правела голема штета.



Отец Алексо Темелко литургија во црквата Св.Ѓорѓија во село Долна Горица, Преспа

## БИЛАТЕРАЛНА СРЕДБА НА АЛБАНСКИТЕ И МАКЕДОНСКИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ЗА ЗАШТИТА НА РЕГИОНОТ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО



Во Тушемиште, Подградец се одржа билатерална средба, посветена на заштитата на регионот на Охридското Езеро и неговото сливно подрачје. Од македонска страна, покрај министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини, присуствуваа и градоначалниците на Охрид, Струга и Дебрца, Кирил Пецаков, Рамиз Мерко и Зоран Ногачески. На средбата беа избрани нови членови на Билатералниот комитет за заштита на регионот, а се разговараше и за стратешкиот план, кој во драфт-верзија треба да биде изготвен до септември и идните активности. Градоначалникот Пецаков, на средбатга истакна дека заштитата на Охридското Езеро и целиот регион, по неколку децении заедничка работа, денес добива нов импулс, со дефинирани заложби, стратегија, планови и решенија кои зеднички ќе ги споделат централните и локални власти на Република Албанија и Република Македонија. Во таа насока градоначалникот Пецаков подвлече дека, Општина Охрид доследно и целосно ќе биде посветена кон исполнување на сите цели кои заеднички ќе бидат поставени со нашите албански партнери. На средбата Албанија беше претставена со министерката за Туризам и животна средина, Мирела Кумбаро Фурџи, префектот на регионот Корча Нертил Јоле и градоначалникот на Подградец, Илир Џаколи. Договорено беше идната средба на експертско ниво да се одржи на 27 мај во Охрид.

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола ЃУРЃАЈ
Лектура: Естела КАРАМЕШИНОСКА
Компјутерска обработка: Анита МИЛЕВСКА
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник “Илинден” и Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Адреса: Rruga “Mihal Grameno“ Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник “Илинден” - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**

**МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ГИ ПОВИКУВА СИТЕ МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА НА ПОПИСОТ НА НАСЕЛЕНИЕ ВО ОКТОМВРИ 2022 ГОДИНА БЕС СТРАВ ДА СЕ ИЗЈАСНАТ ДЕКА СЕ МАКЕДОНЦИ И ДЕКА МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК Е МАКЕДОНСКИ ТАКА ГО ЧУВАТ СВОЈОТ МАКЕДОНСКИ ИДЕНДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА**




**SHOQATA MAQEDONASE “ILINDEN”-TIRANË U BËN THIRRJE TË GJITHË MAQEDONASVE NË REPUBLIKËN E SHQIPËRISË NË REGJISTRIMIN E POPULLSISË NË TETOR 2022 PA FRIKË TË DEKLAROJNË SE JANË MAQEDONAS DHE SE GJUHA AMTARE ËSHTË MAQEDONISHTJA DUKE MBROJTUR KËSHTU IDENTITETIN E TYRE MAQEDONAS NË REPUBLIKËN E SHQIPËRISË.**